Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 08 - 487/1
15.04 2025 год.
ЗРНОВЦИ

**ЗАПИСНИК БР.51**

Од одржаната 51-ва редовна седница на Советот на о.Зрновци одржана на ден 12.03.2025 год.со почеток во 12:00 часот во просториите на о.Зрновци во Зрновци.На седницата беа присутни 8 советници и еден отсутен Габриела Радева.Останати присутни:Градоначалникот Борчо Коцев,Ивана Ефтимова-записничар и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот :

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на записникот од 50-та седница

2.Извештај од Градоначалникот за работењето на локалната самоуправа во 2024 год.

3.Осврт за работата на Советот за 2024 год.

4.Одлука за усвојување на завршната сметка на ОУ Синиша Стоилов,Зрновци за 2024 год.

5.Одлука за усвојување на завршната сметка на јавната општинска установа детска градинка Бисерчиња о.Зрновци за 2024.год.

6.Одлука за усвојување на извештајот за констатираните состојби на средства,побарувања и обврските во о.Зрновци со состојба на ден 31.12.2024год.

7.Одлука за усвојување на завршната сметка на КЈП Водна Кула Зрновци за 2024.год

8.Одлука за усвојување на завршната сметка на КЈП Илинден Зрновци за 2024 год.

9.Одлука за усвојување на годишен извештај и завршна сметка на Буџетот на о.Зрновци за 2024 год.

10.Одлука за дополнување на програмата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на општински патишта и улици.

**Подточка 1**.Изградба на тротоар на источната страна од ул.Илинденска КП 6066/1 во должина од 320 м од КП.5195 до КП 4799/1.

**Подточка 2**.Изградба на сервисна улица од лок.пат Зрновци-Databases Мородвис до обиколница Зрновци-Мородвис на КП бр.3302,и дел од КП 6081 во должина од 400 м.,ширина 4 м.

**Подточка 3**.Реконструкција и асфалтирање на ул.Генерал Апостолски и дел од ул. Илинденска дел од регионалниот пат Р-1309 КП 6061/1 и КП 6082/1 во должина од 1600 м започнувајки од КП 5616 обиколница с. Мородвис до КП 3372/1 краен опфат на УС Зрновци кон о.Кочани.

11.Одлука за обезбедување финансиски средства за тротоар на ул.Илинденска КП 6066/1 од источната страна во должина од 320 м и ширина 1,2 м,во висина до 1.200.000 денари.

12.Разно

Претседателот на Советот на о.Зрновци Виктор Анакиев информира дека кон првичниот дневен ред се додадени уште две точки,односно 10-та со три подточки и 11-та точка по

предлог на Градоначалникот.Праша дали некој има забелешка со конечниот дневен ред.За збор се јави советникот Виктор Новков кој констатира дека редоследот на точките не е исправен и веднаш се направи корекција.Вака предлог дневниот ред е ставен на гласање и изгласан со осум ЗА,еден отсутен.Претседателот констатира дека **Дневниот ред е усвоен.**

Тек на седницата

**1.Усвојување на записникот од 50-та седница**

Претседателот праша дали некој има забелешка кон записникот,бидејки никој не се јави за збор точката е ставена на гласање.Гласаа осум ЗА и еден отсутен.**Записникот од 50-та седница е усвоен.**

**2.Извештај од Градоначалникот за работењето на локалната самоуправа во 2024 год**.

Овде збор зеде Градоначалникот и кажа дека извештајот за работењето на лок.самоуправа за 2024 год.е во два дела .Едниот дел е изготвен од одд.за финансиски прашања кој што е пообемен,и извештај од страна на Градоначалникот за работењето на о.Зрновци во делот на донесени одлуки и решенија и најбитно за сите како лок.самоуправа и за жителите на о.Зрновци во делот на реализација на проекти . Градоначалникот го образложи извештајот за 2024 год.Претседателот праша дали некој има забелешка кон извештајот. Никој не се јави за збор.

**3.Осврт на работата на Советот за 2024 год**.

Претседателот го образложи извештајот и истакна дека како Претседател е задоволен ,им се заблагодари на советниците за досегашната и идна соработка.Доколку некој има нешто да дополни за извештајот или забелешка. За збор се јави Виктор Новков кој постави прашање до Претседателот дали има увид на одлуките кои се донесуваат ,колку од нив се реализирани,на што Претседателот одговори дека има увид и за наредна седница може да ги презентира.

Конкретно Виктор Новков кажа дека има поднесено барање на 14.06.2023год.,одобрена одлука на седница,одредена сума на пари за одстранување на земја од негов имот и дека сеуште не е преземено ништо. Одлуките кои се донесуваат треба да бидат контролирани дали се спроведуваат во пракса,на што Претседателот одговори дека кога ке донесеме одлука таа не мора да биде спроведена за месец дена,во зависност и од можностите на Општината,финансиски и технички можности.Градоначалникот зеде збор и кажа дека во делот на реализација на одлуките,тие се донесуваат за да нешто реализираме.Сведоци сте вие и јавноста дека се што е донесно како одлука се настојува да се реализира.Освен што советникот има поднесено барање до Советот ,има поднесено и до мене како Градоначалник и сме на иста “бранова должина” дека треба да се изнесе земјата.Се разговараше со некои изведувачи што во текот на 2024год.работеа градежни активности како изградба на патишта и најмалку сме биле 3-4пати,ветено ке отидеме попладне или од сабајле но не е преземена акција.Не може да се засенува работата на Советот и донесените одлуки со оваа ситуација.Одговорно тврдам се што се има донесено од ваша страна во зависност од можностите се 100% реализирани.Овој проблем ке биде решен,не може за два кубика земја да се дава ваква констатација .Претседателот праша дали некој има нешто да додаде за извештајот, никој не се јави за збор.

**4.Одлука за усвојување на завршната сметка на ОУ Синиша Стоилив,Зрновци за 2024год**.

Овде збор зеде Ленче Илиова од одд.за финансиски прашања која ја образложи годишната завршната сметка.Претседателот, дали некој има прашање на што се јави советникот Сашко Јакимов кој што кажа дека има неколку прашања во врска со расходите на буџетот на училиштето.Во делот на расходи,комунални услуги,комуналии и транспорт,бидејки го гледав извештајот на отворени финансии,фиксно се плака на комуналното 11.954ден.Зошто секој месец се плака фиксно со оглед на тоа што зимниот период се грее установата,а во лето е распустот.Ленче И.одговори дека тоа е политика на претпријатието,како ги фактурираат износите.Советникот Сашко Јакимов побара објаснување за другите трошоци на што доби соодветен одговор од страна на Ленче И.Градоначалникот се надоврза,дали може да се побара под конто 42,39,10 што е набавувано,на која фактура е платено,добро е да се направи увид.Сашко Јакимов постави прашање за конто 421,се спомна дека училиштето не располага со возило,а контото 421 и 410 гориво и масла за моторни возила потрошени 61.000ден.Ленче Илиова даде одговор дека училиштето има донесено одлука за користење на сопствено возило од страна на секретарот за потребите на училиштето,на фактурите ги има извештаите до каде е одено и на која дата.За збор се јави Виктор Новков кој констатираше дека има денови кај што има три плакања на ден и дека не може во еден ден секретарот да наточи 1500ден.бензин,па после пола саат 500денари. Ленче Илиова одговори дека плакањата се вршат после еден месец и тоа ке се поткрепи со доказ во писмена форма.Се имаат финансиски средства,но немаат план,општината на месечно ниво еднаш им дозволува.Додека не се одобри од Градоначалникот да се потпише па да се испрати до Министерство за финансии,за да наредниот месец имаат од тоа конто право да плакаат.Училиштето донесе барање ,план до Градоначалникот по кое конто ,колку им треба,се додека не се потпише од страна на Градоначалникот и додека хартиено не се испрати до Министерството не го вчитува,во тој момент имаат пари на сметката но немаат конто на 421.Советникот праша дали сами одлучуваат на која бензиска ке стават бензин,на што Ленче И.одговори дека сами одлучуваат,бидејки не е по јавна набавка.Претседателот,дали некој има нешто да праша,на што Градоначалникот се надоврза и кажа дека сите конта што се спомнати од страна на советникот да се извади писмено и каде што стои други договорни услуги.Виктор Новков се јави за збор и кажа ако може и во наредниот период да има по еден претставник од училиштето и градинката за да образложат доколку некој побара објаснување за одредена ставка.Градоначалникот појасни дека на секои три месеца бара во писмена форма со број на фактура,копија да достават и заедно со Ленче И.да направиме увид што се плака и нормално е да се следи.За една институција што е потрошено 60.000 ден.верувам дека и дополнително плус околу 30.000ден потрошат од сопствен џеб за да се реализират програмите,семинарите.Одлука на Училишен одбор имаат и добро е што не е ставено амортизација на сопствени возила,но го имаат правото.Претседателот,дали некој има прашање,бидејки никој не се јави, точката е ставена на гласање.Гласаа осум ЗА,еден отсутен.**Одлуката за усвојување на завршната сметка на ОУ Синиша Стоилов,Зрновци за 2024год.е усвоена.**

**5.Одлука за усвојување на завршната сметка на јавната општинска установа за деца- детска градинка Бисерчиња о.Зрновци за 2024год**.

Овде Ленче Илиова зеде збор и ја образложи годишната сметка на градинката.Претседателот, дали некој има нешто да праша на што се јави Виктор Новков и кажа за ставката водовод,канализација и губретарина дека се совпагаат ,но на отворени финансии плакањата не се совпагаат со 15.000 денари.Ленче Илиова реплицираше дека во 2024 год.се што е платено спрема Водна Кула не мора да значи дека е трошок.Можно е да има фактура од 2023 год.која е платена во јануари 2024 год.претпоставка.Плакањата може да се движат по тој основ.Виктор Новков праша за ставка 481,210 за проектот за проширување на градинката на што Ленче Илиова одговори дека иницијативата,поднесувањето и плакањето е од страна на градинката.Претседателот,дали некој има прашање,бидејки никој не се јави за збор точката е ставена на гласање.Гласаа седум ЗА,еден без право на глас,еден отсутен.Претседателот констатира дека **Одлуката за усвојување на завршната сметка на јавната општинска установа за деца-детска градинка Бисерчиња о.Зрновци за 2024 година е усвоена.**

**6.Одлука за усвојување на извештајот за констатираните состојби на средства,побарувања и обврските во о.Зрновци со состојба на ден 31.12.2024 год.**

Овде збор зеде Ленче Илиова која го образложи извештајот по извршениот попис.Претседателот ,дали некој има нешто да праша на што се јави Сашко Јакимов и кажа обврските спрема добавувачи за ЦЕАЦОН Доел дека им должиме 5.783.000ден.Градоначалникот кажа дека од тој договор е 50%реализиран,останува резервоарот за Видовиште,и АБ преградата во Мородвис.Виктор Новков се надоврза за Инжинеринг с.Владевци,ме интерсира дали тече камата.Градоначалникот објасни дека се води судски процес,дали тече камата ке се види на крајот од одлуката.Првичната пресуда на Основен суд Кочани беше во полза на нив,на апелација,втора година е предметот.Кога веке има судска одлука во полза на финансиерот тука е агенцијата за финансиска подршка ,не може две контрадикторни пресуди да има за иста работа.Претседателот,дали некој има прашање на што се јави Виктор Новков за збор и праша за ситуацијата за  Коле-Транс ,на што Градоначалникот одговори и кажа дека имаше два договора 2022год.,изградба беше на десет улици и беше договорено за начинот на плакање со изведувачот некаде од 6.300.000,00ден.,ние бевме исплатиле 3.200.000,00ден,и од непознати причини за лок.самоуправа го промени односот и беше одлучил да ги побара сите одеднаш.Беше договорено до 2024год.октомври месец да биде плакањето.Започна постапка за исплата на средствата еднократно околу 3.500.000,00ден.и ке биде исплатено кога о.Зрновци ке добие прилив на средства.Виктор Новков праша за Еуро Петрол дали сами одлучуваат институциите од каде ке се снабдуваат со гориво,на што одговори Градоначалникот дека тоа е по јавна набавка за комуналното и општината.Се јавуваат Мак петрол,Еуро петрол и Авто петрол и имаме договор кога ке се користи градежната машина да не се плакаат пари по ценовникот што го усвоивме на Совет.Виктор Новков исто така кажа дека кога почна нашиот мандат првите два три месеца,излегоа сите комплетно дека Општината се раздолжи,сега оваа сума од 16.241.209,00ден.дека е многу задолжена.Градоначалникот одговори дека за Борос Доел 1.800.000,00ден.,се исплатени од Министерството за  животна средина,советникот кажа дека мисли на ликвидноста на Општината,на што Градоначалникот реплицираше дека со оглед на тоа што имаме најмал буџет,а крајна цел е реализирање на што поголем број на проекти,дополнително и за градежно земјиште и се очекуваат дополнителни средства за о.Зрновци.Претседателот, дали има некој прашање.Никој не се јави за збор.

**7.Одлука за усвојување на завршната сметка на КЈП Водна Кула Зрновци за 2024год.**

По оваа точка збор зеде Ленче Илиова и ја образложи завршната сметка.Градоначалникот објасни дека во најтешкото време кога цената на нафтата се зголемила за 45%,трошоците за транспортирање на губрето и платите за 3000ден.,ние успеавме да не ги оптоваруваме жителите да ја зголемиме цената ниту за губрето ниту за водата.Претседателот дали некој има прашање,на што се јави Виктор Новков кој кажа дека претпријатието има побарувања од 8.866.000,00ден.,дека тоа се неплатени сметки.Зошто не е присутен директорот да излезе со некое решение.Градоначалникот зеде збор и кажа дека е запознаен со нередовните плакачи,дека добиваат опомени,преку сто предмети се кај извршители ,што да им земе извршителот на тие луѓе кога не се во работен однос.Советникот кажа дека постојано го прашува директорот за точноста на извештаите и добива одговор дека е точен извештајот,после усно се изјаснува дека не е толку наплатата.Ако има сто луѓе дадено на извршител,50 луѓе не плакаат сметки,150 фамилии не плакаат за вода.Ако комуналното нема архива и ако повеке од шест месеци не му се издаде на корисникот опомена,делото застарува.Претседателот дали некој има нешто да дополни ,бидејки никој не се јави,точката е ставена на гласање.Гласаа шест ЗА,двајца против и еден отсутен.**Одлуката за усвојување на завршната сметка на КЈП Водна Кула Зрновци за 2024год.е усвоена.**

**8.Одлука за усвојување на завршната сметка на КЈП Илинден Зрновци за 2024год.**

Овде збор зеде Претседателот и кажа дека ова претпријатие не функционира и нема активност,но секоја година се поднесуваат завршни сметки.Од оваа година од страна на Централен регистер е побарано да има одлука за усвојување за да општината а и лицето кое е овластено да немаат глоба или казна.Гласаа осум ЗА, еден отсутен,констатирано е дека **Одлуката за усвојување на завршната сметка на КЈП Илинден Зрновци за 2024гос е усвоена**.

**9.Одлука за усвојување на годишен извештај и завршна сметка на Буџетот на о.Зрновци за 2024год.**

Овде збор зеде Ленче Илиова која што ја образложи завршната сметка.Претседателот,дали некој има прашање,на што се јави Виктор Новков кој се обрати кон Ленче Илиова за плакањето камата кон домашни кредитори,се работи за кредитот на градинката и дека во тие 900.000,00ден.се само главнина што се исплакаат.Градоначалникот праша уште колку години имаме за плакање на што Ленче И.одговори дека последната рата е до февруари 2028год.Претседателот,дали некој има прашање,бидејки никој не се јави,точката е ставена на гласање.Гласаа осум ЗА, еден отсутен.**Одлуката за усвојување на годишен извештај и завршна сметка на Буџетот на о.Зрновци за 2024год.е усвоена.**

**10.Одлука за дополнување на програмата за изградба ,реконструкција,одржување на општински патишта и улици,со три подточки.**

По оваа точка збор зеде Градоначалникот и кажа дека во самата програма во првиот дел,се опфатени кои се улици и патишта ке бидат работени во текот на 2025год.и неминовна е допуна на оваа програма,средства ке бидат обезбедени од Јавно претпријатие за државни патишта,односно овие улици,дел од ул.Генерал Апостолски и дел од ул.Илинденска.Другата е одлука за изградба на нов локален пат од Мородвис-Зрновци кон обиколница Мородвис-

Зрновци во должина од 400м и ширина 4м.Средства ке обезбедеме преку Министерство за транспорт и врски односно сите оние средства кои што се останати со реализација на ул.Филе Ристов и Никола Карев и локалниот пат и како трета точка од самата програма за изградба на тротоар од источната страна на дел од ул.Илинденска од Општината до БМФ и тоа ке мора да се реализира пред започнување на реконструкција и преасфалтирање на овој дел од 1600м.Створени се услови за проширување на трасата а со години наназад кај што се вршени прекопувања за инсталација на дел од канализациони системи како и оштетување од невреме со реализација на тој проект ке биде ставен во функција и значително подобрен урбаниот лик на административниот влез на Општината.Сето ова беше во соработка и консултации со директорот на Јавното претпријатие за државни патишта,господинот Коце Трајановски.Со гордост можам да најавам на задоволство на сите жители согласно Програмата на владата на Р.Македонија за реконструкција на овој патен правец во опфатот на урбанистичкиот план на Зрновци од тука ке се почне целиот проект.Проектот изнесува 120.000.000,00ден.Претседателот праша дали некој има некоја забелешка,бидејки никој не се јави за збор точката е ставена на гласање.Гласаа осум ЗА,еден отсутен.Констатирано е дека **Одлуката за дополнување на програмата за изградба,реконструкција,одржување на општински патишта и улици,со три подточки е усвоена.**

**11.Одлука за обезбедување на финансиски средства за тротоар на ул.Илинденска КП 6066/1 од источната страна во должина од 320м и ширина 1,2м,во висина од 1.200.000,00денари.**

Претседателот кажа дека оваа точка се однесува на претходната,доколку некој има нешто да додаде,да праша,бидејки никој не се јави за збор,точката е ставена на гласање и изгласана со осум ЗА,еден отсутен.Претседателот констатира дека **Одлуката за обезбедување на финансиски средства за тротоар на ул. Илинденска КП 6066/1 од источната страна во должина од 320м и ширина 1,2м во висина од 1.200.000,00денари е усвоена.**

**12.Разно**

Претседателот праша дали некој има за дискусија,бидејки никој не се јави,седницата заврши во 13:45 часот.

***Записничар***

***Ивана Ефтимова***

***Претседател на Совет***

***Виктор Анакиев***